Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 03-1118/1
08-04-2022 год.
Скопје

Република Србија
УНИВЕРЗИТЕТ У НОВОМ САДУ
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Број 02-332/1
06 MAY 2022 год.
НОВИ САД
Пошт. фах

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

помеѓу

**Центарот за интегративна биоетика,** Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Филозофски факултет, Република Северна Македонија

и

**Центарот за биоетика,** Универзитет во Нови Сад, Филозофски факултет, Република Србија

Април 2022.

На основа на заедничката желба за понатамошен развој на научноистражувачката размена помеѓу Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Универзитетот во Нови Сад, како и за унапредување на заедничкиот интерес за академска, истражувачка и наставна соработка на Центарот за интегративна биоетика на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Република С. Македонија и Центарот за биоетика на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Нови Сад во Република Србија, на ден 11.04.2022 година, се склучува

## МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

помеѓу

1. Центарот за интегративна биоетика на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје со седиште во Скопје, булевар Гоце Делчев 9А, 1000 Скопје, кој го застапува проф. д-р Ратко Дуев, Декан на Филозофскиот факултет

и

2. Центарот за биоетика на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Нови Сад, со седиште во Нови Сад, др. Зорана Ѓинѓиќа 2, 21000 Нови Сад, кој го застапува проф. др Ивана Живанчевиќ Секеруш, Декан на Филозофскиот факултет

За двете наведени институции понатаму во текстот на овој Меморандум за соработка (понатаму во текстот: Меморандум) заедно ќе се користи терминот „Договорни институции".

### Предмет на меморандумот

**Член 1**

Предмет на овој Меморандум е регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу Договорните институции, во областа на науката, истражувањето, примената и издаваштвото. Соработката помеѓу Договорните институции ќе биде постигната на полето на философијата, биоетиката и етиката, како и во останатите полиња од заеднички интерес за Договорните институции во чии рамки ќе се стремат кон остварување на следните цели:

- Взаемна размена на информации, знаења и искуства од областите од заеднички интерес;
- Обезбедување квалитетни деловно-стручни услуги за членовите на Договорните институции
- Утврдување и негување на добрите деловни обичаи;
- Учество, соработка и реализација на заеднички проекти.

## Видови на соработка

**Член 2**

Договорните институции се согласни да создаваат атмосфера на меѓусебна почит и меѓусебна доверба и врз основа за остварување на заедничките интереси да организираат и реализираат практична работа на студентите, научни и студентски конференции, обуки, летни школи, семинари, работилници, промоции и трибини, како и заедничко барање на финансиски средства од надворешни извори;.

Соработката помеѓу Договорните институции ќе се спроведува и преку следните облици:

- Промоција на поединечни контакти помеѓу истражувачите;
- Учество во развојот на заедничко истражување и применети проекти, како и на оние кои ги финансира Европската унија;
- Помош во развивање на студиски програми и силабуси;
- Размена на книги, прирачници, списанија, научни публикации и слично;
- Останати облици на соработка во областите на заеднички интерес.

**Член 3**

Договорните институции со овој Меморандум не се со обврска да вложат финансиски средства потребни за спроведување на соработката.

Евентуалните финансиски трошоци и начинот на нивното надоместување кои ќе произлезат од секој одделен вид на соработка ќе се утврдуваат со посебен договор.

**Член 4**

За примена на конкретни видови на соработка во рамките на овој Меморандум, ќе бидат изготвени посебни Договори пред секоја активност и по потреба анекси кон истиот, во кои ќе бидат назначени:

- Област и теми на соработка;
- Облици и методи за изнаоѓање на финансиски средства за спроведување на договорените активности;
- Академски или Административен координатор за спроведување на посебни активности;
- како и останати активности во врска со примената на овој Меморандум.

## Право на резултатите од интелектуалните активности

**Член 5**

Со овој Меморандум, Договорните институции ја гарантираат заштитата на правото на сопственоста на резултатите од интелектуалните активности. Правото на сопственост на резултатите од интелектуалните активности ќе биде регистрирано.

Правото на сопственост на резултатите од интелектуалните активности на една од Договорните институциии припаѓа исклучиво само на таа институција.

Правото на сопственост на резултатите од заедничките интелектуални активности им припаѓаат на двете Договорни институции.

Во случај на заедничка интелектуална сопственост, секоја од Договорните институции има право да ја користи таа сопственост согласно утврдените авторски права за истата.

**Решавање на можни спорови**

**Член 6**

Договорните институции во добра намера ќе настојуваат сите можни спорови, несогласувања, полемики или барања да ги разрешат пријателски, со директни преговори.

**Член 7**

Овој Меморандум се донесува на неопределен период.

**Член 8**

Овој Меморандум може да го раскине било која од институциите учеснички, така што ќе ја извести другата страна по писмен пат најмалку два (2) месеца однапред.

**Член 9**

Овој Меморандум стапува на сила денот кога и двата страни ќе го потпишат.

Сите корекции и надополнувања не се правосилни доколку не се направени во писмен облик и потпишани и од двете Договорни страни.

**Член 10**

Овој Меморандум е направен и на македонски и на српски јазик.

**Член 11**

Овој Меморандум е направен во четири (4) примероци, на македонски и српски јазик. Секоја страна задржува по два (2) примерока од верзијата направена на македонски и по два (2) примерока од верзијата направена на српски јазик.

**Центар за интегративна биоетика, Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

**проф. д-р Дејан Донев, Раководител**

**Центар за биоетика, Филозофски факултет, Универзитет во Нови Сад**

**проф. д-р Жељко Калуѓеровиќ, Координатор**

**Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

**проф. д-р Ратко Дуев, Декан**

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје Република Северна Македонија ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

**Филозофски факултет, Универзитет во Нови Сад**

**проф. д-р Ивана Живанчевиќ Секеруш, Декан**